РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 08 - 292/8

23. 05. 20 24 год.-viti

Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
"СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" - ОХРИД

Примено:	31.5.2024		
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
03	187/2		

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 70 седница одржана на 18.01.2024 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за акредитација на студиската програма „Дигитална бизнис аналитика", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за информатички и комуникациски науки - Охрид при Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид

1. Се акредитира студиската програма „Дигитална бизнис аналитика", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за информатички и комуникациски науки - Охрид при Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и со стручен назив: Дипломиран инженер по информатички науки и технологии, насока Дигитална бизнис аналитика /во меѓународен промет, стручен, назив: Bachelor of Science in Information Technology, Digital Business Analytics.

Научно - истражувачко подрачје: 2 Техничко - технолошки науки, 5 Општествени науки, Научно – истражувачко поле: 211 Индустриско инженерство и менаџмент, 212 Компјутерска техника и информатика, 503 Економски науки, 506 Организациони науки и управување (менаџмент) 212 Компјутерска техника и информатика, Научно – истражувачка област: 21100 Метод на анализа на структура и функционирање на претпријатието, 21202 Информациони системи и мрежи, 21206 Процесирање на податоци, 50302 Применета економија, 50603 Бизнис менаџмент.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 80 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. 02-31/16 од 22.01.2023 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Дигитална бизнис аналитика", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за информатички и комуникациски науки - Охрид, Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.03-60/1 од 26.01.2023 година (наш бр. 08 - 2921 од 26.01.2023 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 52-та седницата одржана на 14.02.2023 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 292/6 од 07.02.2024 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 70-та седница одржана на 18.01.2024 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Гуровски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
"СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" - ОХРИД

Примено:	2.10.2024		
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
03	187/4		

08-466/4
27.09.24

Врз основа на член 145 став (6) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/19), директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, донесе:

Në bazë të nenit 145 paragrafi (6) dhe nenit 227 të Ligjit për arsimin e lartë („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ nr. 82/18 dhe „Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ nr. 145/19), Drejtori i Agjencisë për Cilësi të Arsimit të Lartë, sjell:

Р Е Ш Е Н И Е

за почеток со работа студиската програма од прв циклус на академски студии –додипломски студии (240 ЕКТС) по „Дигитална бизнис аналитика“ на Факултет за информатички и комуникациски науки при Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на академски студии – додипломски студии (240 ЕКТС) по „Дигитална бизнис аналитика“ на Факултет за информатички и комуникациски науки при Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решението за акредитација бр. 08-292/8 од 23.05.2024 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Факултет за информатички и комуникациски науки при Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид.се обрати со барање бр. 08-187/3 од 03.06.2024 година до Агенција за квалитет во високото образование, под наш бр. 08-466/1 од 17.06.2024 година, за утврдување на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на академски студии –додипломски студии (240 ЕКТС) по „Дигитална бизнис аналитика“ на Факултет за информатички и комуникациски науки при Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид.

A K T V E N D I M

për fillimin me punë të programit studimor të ciklit të parë të studimeve akademike -studime deridiplomike (240 SETK) për „Analiza digjitale e biznisit“, në Fakultetin e Shkencave të Informacionit dhe Komunikimit të Universitetit të Shkencave të Informatikës dhe Teknologjive “Shën Apostol Pavle” - Ohër

1. Me këtë Aktvendim përcaktohet se janë plotësuar kushtet për fillim me punë të programit studimor të ciklit të parë të studimeve akademike -studime deridiplomike (240 SETK) për „Analiza digjitale e biznisit“, në Fakultetin e Shkencave të Informacionit dhe Komunikimit të Universitetit e Shkencave të Informatikës dhe Teknologjive “Shën Apostol Pavle” - Ohër.
2. Ky Aktvendim hyn në fuqi në ditën e miratimit të tij.

A r s y e t i m

Pas marrjes së Aktvendimit për akreditim nr. 08-292/8 i datës 23.05.2024 nga ana e Bordit të Akreditimit të Arsimit të Lartë, Fakultetin e Shkencave të Informacionit dhe Komunikimit të Universitetit e Shkencave të Informatikës dhe Teknologjive “Shën Apostol Pavle” - Ohër i drejtohet me kërkesë nr. 08-187/3 i datës 03.06.2024, Agjencisë së Cilësisë së Arsimit të Lartë me numrin tonë nr. 08-466/1 i datës 17.06.2024, për përcaktimin e kushteve për fillimin me punë të programit studimor të ciklit të parë të studimeve akademike - studime deridiplomike (240 SETK) për „Analiza digjitale e biznisit“, në Fakultetin e Shkencave të Informacionit dhe Komunikimit të Universitetit e Shkencave të Informatikës dhe Teknologjive “Shën Apostol Pavle” - Ohër.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. **08-466/2** од **05.09.2024** година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата, на ден **11.09.2024** година, изврши увид и изготви Извештај бр. **08-466/3** од **18.09.2024** година, каде е наведено дека за студиската програма од прв циклус на академски студии –додипломски студии (240 ЕКТС) по „Дигитална бизнис аналитика“ на Факултет за информатички и комуникациски науки при Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ – Охрид се исполнети условите, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова решение, може да се заведе управен спор со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Drejtori i Agjencisë së Cilësi të Arsimit të Lartë, me Aktvendim nr. **08-466/2** i datës **05.09.2024**, formoi Komisionin për përcaktimin e kushteve për fillimin me punë të programit studimor të shënuar në pikën 1 të këtij Aktvendimi.

Komisioni, më **11.09.2024**, kreu inspektim dhe përgatiti Raportin me nr. **08-466/3** i datës **18.09.2024**, në të cilin është shënuar se për programin studimor të ciklit të parë të studimeve akademike -studime deridiplomike (240 SETK) për „Analiza digjitale e biznisit“, në Fakultetin e Shkencave të Informacionit dhe Komunikimit të Universitetit e Shkencave të Informatikës dhe Teknologjive “Shën Apostol Pavle” - Ohër, janë përmbushur kushtet, në përputhje me dispozitat e përcaktuara e në përputhje me Ligjin për arsimin e lartë („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ nr. 82/18), Dekretin për normat dhe standardet për themelimin e institucioneve të arsimit të lartë si dhe për realizimin e veprimtarisë së arsimit të lartë („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“, nr. 103/10, 168/10 dhe 10/11).

Duke marrë parasysh atë që u theksua, u vendos si në dispozitivin e këtij Aktvendimi.

Këshillë juridike: Kundër këtij Aktvendimi, mund të inicohet kontekst administrativ, me parashtrimin e ankesës deri te Gjykata Administrative e Republikës së Maqedonisë së Veriut, në afat prej 30 ditëve nga dita e pranimit të këtij Aktvendimi.

Директор/Drejtor
Dr. Rasim ZUFERI

Изработил/Përgatiti: Милена Ефремовска
Одобрил/Lejoi: Sevgil Murtezi

Доставено до:
- Високообразовната установа;
- Архивата на АКВО.

Dorëzuar deri te:
- Institucioni i arsimit të lartë;
- Arkivi i ACAL.